# АЕРОДРОМ 2017-2021

# ЧЕТИРИ ГОДИНИ ГРАДИМЕ СОВРЕМЕНА ОПШТИНА

ЗА СИТЕ

# СОДРЖИНА

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015


ЖИВОТНА СРЕДИНА ........................................... 4-15

ИНФРАСТРУКТУРА ........................................... 16 - 25

УРБАНА ОПРЕМА ........................................... 26 - 28

ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ........................................... 29 - 36

ОБРАЗОВАНИЕ ........................................... 37 - 42

ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ..................... 43 - 48

СПОРТ ........................................... 49 - 58

СОРАБОТКА ........................................... 59 - 61

КУЛТУРА И ЗАБАВА ........................................... 62 - 63





**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Гордана АЦЕСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Елена БАКРАЧЕСКА-ПОПОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Гордана Ацеска

**Дизајн**
Александар Тодески

Фоторепортер
Бојан Тренчевски

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Печатница Серафимовски ДОО Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

Почитувани граѓани,

Во четиригодишниот мандат како градоначалник на Општина Аеродром беше потребно многу труд, време и енергија да се согледаат низата пропусти, аномалии што ми беа оставени во наследство, а воедно и да се постават вистинските цели, визии и мисијата којашто Општина Аеродром веќе ја промовира како општина лидер во земјата и во регионот со сигурна европска иднина.

Затоа, гледам многу причини заедно со жителите на Општина Аеродром да продолжиме да го одиме овој пат. Во моментов Општината остварува стратегиска соработка со невладиниот сектор, а воедно преку новоформираното јавно претпријатие е во директна комуникација со претприемачки настроени жители и бизнис-заедницата, така што имаме повеќе од 100 проекти со локално економско значење за Аеродром, коишто заеднички ќе ги оствариме, внесувајќи ги европските вредности во нашата Општина. Единствени сме во државата што се одваживме да го развиориме европското знаме и враќање од тој пат нема.

Општ е впечатокот дека жителите на Аеродром чувствуваат позитивни поместувања во текот на овие четири години во насока на градење современа општина. Започнатите проекти од почетокот на мандатот стануваат видливи или веќе почнуваат конкретни работни активности. Да не го занемариме фактот дека повеќе од една година живееме во услови на пандемија, што негативно се одрази врз реализацијата на започнатите проекти.

Видливи се обновените паркинг-простори со коишто се обезбедува зголемен капацитет за и без тоа многуте возила, вложено е во контролни станици за следење на загадениот воздух. Секоја година се делат субвенции, за набавка на инвертер-клими и велосипеди, засадени се околу 15 илјади садници од различен вид, а желбата ни е да стигнеме до 100 илјади, односно за секој жител по една садница. Сето ова влијаеше на фактот, оваа година да има енормно намалување на загадувањето на воздухот коешто најмногу го почувствуваа жителите на Аеродром, поточно беа само два до три дена во целиот зимски период кои можат да се сметаат за загадени. Исто така, набавивме и прочистувачи за сите градинки на териоторијата на Општината, со цел да осигураме чист воздух за нашите најмлади без оглед на објективните атмосферски влијанија.

Од капиталните проекти би ги наброил: две градинки, целосно нов објект на училиштето „Димитар Македонски“ во населбата Лисиче, доградба на основното училиште „Лазо Ангеловски“ во населбата Ново Лисиче, реконструкција на простории во училиштето „Ѓорѓија Пулевски“, целосно реновирање на училиштето „Блаже Конески“, преработени паркинзи, целосно обновени, реконструирани и модернизирани паркови во населбата Мичурин и паркот „Бојмија“ во населбата Острово, низа урбани паркови и скверови во населбата Стар Аеродром, повеќе од половина од отворените спортски игралишта се преработени со најсовремена и единствена во државата ергономска подлога за безбедно спортување на нашите жители, детските игралишта добија нови и безбедни реквизити и меки подлоги за безгрижна игра на најмладите, согласно со сите европски и светски стандарди.

Што се однесува до хигиената во рамките на имплементацијата на европските стандарди, Општина Аеродром се приклучи кон движењето Нула отпад – Европа и го зедовме најдобриот пример од Словенија, односно отпочнавме спроведување на одржувањето на јавната хигиена по теркот на градот Љубљана кој е актуелна зелена престолнина на Европа. Во тој контекст изработивме проактивен портал www.higi-aerodrom.mk, преку кој настојуваме во најкус можен рок да интервенираме на реакциите на жителите во однос на хигиената.



Со имплементација на проектите што ги имаме најавено во оваа област, а кои треба да се реализираат во наредните месеци, очекуваме заокружување на целокупниот процес на управување со отпадот којшто го создаваат жителите и природата. Воедно, сакам да ги истакнам вложувањата во специјализирана опрема, односно најсовремени машини за чистење и одржување на јавната хигиена којашто секојдневно се на терен и активно се вклучени во одржување на хигиената и чистата животна средина.

Накратко, Општина Аеродром е подготвена да се соочи и да си постави нови предизвици кон сопствениот развој.

Со почит,

Градоначалник на Општина Аеродром

Златко Марин



# ЖИВОТНА СРЕДИНА



ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН ПАРКОТ „МИЧУРИН“



НАБАВЕНИ И НАСАДЕНИ ОКОЛУ 15 ИЛЈАДИ НОВИ ВИСОКОСТЕБЛЕСТИ САДНИЦИ НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ НИЗ АЕРОДРОМ



НОВ ПАРК „ПАРК НА ХЕРОИТЕ“ МЕЃУ БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“ И КАСАРНАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ НА УЛИЦА „1615“



ПАРК „НИРНБЕРГ“



4 НОВИ ПАРКА ЗА МИЛЕНИЦИ (2 НА БУЛ. „СРБИЈА“, 1 ЗАД ОУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“ И 1 ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР)



НОВ ПАРК ПОКРАЈ ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА НА МЕСТО КОЕ СО ГОДИНИ БЕШЕ ЗАПУШТЕНО, ЗАЕДНО СО ГРАД СКОПЈЕ



НОВ ПАРК ПОКРАЈ УЛИЦАТА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО“ НА ПОВРШИНА ОД 3.200 КВАДРАТНИ МЕТРИ



НОВ ПАРК „9 МАЈ“ ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“ НА ПОВРШИНА ОД 4.600 КВАДРАТНИ МЕТРИ



ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН ПАРКОТ „БОЈМИЈА“



НОВ ПАРК ПОКРАЈ УЛИЦАТА „ПАНДИЛ ШИШКОВ“ НА ПОВРШИНА ОД 1.000 КВАДРАТНИ МЕТРИ



ПАРК СПРОТИ ПОЛИКЛИНИКА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“



ДВА НОВИ МОДЕРНО УРЕДЕНИ ЗЕЛЕНИ СКВЕРА НА РАСКРСНИЦАТА МЕЃУ БУЛЕВАРОТ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ И УЛИЦАТА „ВЛАДИМИР КОМАРОВ“






# АЕРОДРОМ ЈА ДОБИ ПРВАТА СТАНИЦА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Општина Аеродром ја доби првата станица за собирање кабаст отпад лоцирана на булевар „АСНОМ“, односно во непосредна близина на поранешната слаткарница „Стела“, каде што граѓаните ќе можат во секое време бесплатно да го оставаат својот стар мебел и дотраена бела техника.




„НУЛА ОТПАД“ - БЕСПЛАТНО СОБИРАЊЕ Е-ОТПАД







# ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ „ЗАМЕНИ“

**СЕКОЈА ГОДИНА СЕ ДОДЕЛУВААТ СУБВЕНЦИИ ЗА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ, ЗА ЧИСТЕЊЕ ОЏАЦИ, ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ИНВЕРТЕР-КЛИМИ**

Програмата за енергетска ефикасност „Замени“ во рамките на Стратегиската платформа за локален економски развој на Општина Аеродром 2021-2025 година „Аеродром – прва општина со европско знаменце“, наиде на голем интерес меѓу граѓаните на општината.

Субвенционирано менување на ПВЦ-прозорци и врати, обнова на фасади, реконструкција на кровови, набавка на нови елеватори и воведување СМАРТ-системи за користење заедничка електрична енергија се меѓу опциите што жителите на општината можат да ги одберат и да ја подобрат енергетската ефикасност на своите живеалишта, а Општината учествува со одреден процент.






Јавна чистота (косење, чистење со нова механизација, портал Хиги Аеродром, расчистување диви депонии - во местото познато како Бановина во Горно Лисиче и др.). Општина Аеродром воведе нова интерактивна европска методологија за одржување на јавната хигиена во општината по теркот на Љубљана. Отворена веб-страницата HYPERLINK "http://www.higi-aerodrom.mk" www.higi-aerodrom.mk преку која граѓаните интерактивно комуницираат со општината и пријавуваат проблеми со хигиената.



# РАТИФИКУВАН МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ „ЦЕНТАР ЗА КОМПОСТИРАЊЕ ОРГАНСКИ ОТПАД“ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ВО СОРАБОТКА СО БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА



ВО НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ СЕ ПОСТАВЕНИ ТРИ МОБИЛНИ УРЕДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ВОЗДУХОТ 24 ЧАСА НА ДЕН СО КОИ ВО СЕКОЈ МОМЕНТ МОЖЕ ДА СЕ УВИДИ НИВОТО И МЕСТОТО НА ЗАГАДЕНОСТ



НАБАВЕНИ ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ





СЕ ОТВОРА ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ СО ЦЕЛ ДА ИМ СЕ ОВОЗМОЖИ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ШТО ГРАВИТИРААТ ВО ОВОЈ РЕОН ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО УСЛУГИТЕ НА РЕСОРНОТО МИНИСТЕРСТВО





ПОЧНА СО РАБОТА ПРВОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ И ПРВИТЕ ДВА ПРОЕКТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНСКИ ОТПАД И ЗА ФОТОВОЛТАИЧНИ ТЕРМАЛНИ СИСТЕМИ

# ИНФРА-
# СТРУКТУРА




# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАР „АСНОМ“

Заврши реконструкцијата на булеварот „АСНОМ“ на потегот од раскрсницата со улица „Васко Карангелески“ до раскрсницата со булевар „Србија“ кај мостот „Близнак“.

Булеварот „АСНОМ“ сега има по три коловозни ленти во двете насоки, пешачки и велосипедски патеки од двете страни на булеварот и средишно зеленило. Целосната реконструкција на овој булевар ја изведе Град Скопје.

Булеваротот, преку новиот мост што е веќе во изградба, треба да се поврзе со населбата Ќерамидница во Општина Гази Баба, а оттука и Аеродром ќе добие нова сообраќајна релација кон Центар кај поранешен Скопски саем.

Чекор по чекор, Аеродром добива една поинаква приказна.



УЛИЦА „ПАНДИЛ ШИШКОВ“



НОВ КРУЖЕН ТЕК



УЛИЦА „ВЛАДИМИР КОМАРОВ“



ОПШТИНИТЕ АЕРОДРОМ, ГАЗИ БАБА И ЦЕНТАР ЌЕ БИДАТ ПОВРЗАНИ СО НОВ МОСТ И МОДЕРНО БУЛЕВАРСКО РЕШЕНИЕ ШТО ЌЕ ГО ОЛЕСНИ СООБРАЌАЈОТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД СКОПЈЕ. НОВИОТ МОСТ ЌЕ ГИ ПОВРЗУВА УЛИЦИТЕ „ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ“ ВО АЕРОДРОМ И „ИНДУСТРИСКА“ ВО НАСЕЛБАТА ЌЕРАМИДНИЦА ВО ГАЗИ БАБА, ПА ТАКА ОД НОВО ЛИСИЧЕ ДО СУДСКА ПАЛАТА СО АВТОМОБИЛ ЌЕ СЕ СТИГНУВА ЗА 5 МИНУТИ, СО АВТОБУС ЗА 10 МИНУТИ, СО ВЕЛОСИПЕД ЗА 18 МИНУТИ, А СО ПЕШАЧЕЊЕ ЗА 35 МИНУТИ.




ПОЧНА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗВЕДБА НА НОВАТА УПРАВНА ЗГРАДА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ, СО ШТО ПО 16 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ, КОНЕЧНО ЌЕ ДОБИЕ СВОЈА ЗГРАДА. ПОКРАЈ АДМИНИСТРАТИВНИОТ ДЕЛ, ЗГРАДАТА ЌЕ СОДРЖИ И МУЛТИФУНЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СОБИРИ НА ГРАЃАНИ КАДЕ ШТО ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ СРЕДБИ, ВЕНЧАВКИ И ДРУГ ТИП КУЛТУРНИ НАСТАНИ, ИНТРЕГРИРАНА ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА И ДРУГИ ПРОСТОРИИ ШТО ЌЕ БИДАТ ОТВОРЕНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ. ЦЕЛТА Е ЗГРАДАТА ДА БИДЕ НОВА ПРЕПОЗНАТЛИВА ТОЧКА ОТВОРЕНА ЗА СИТЕ И ДА ПРЕТСТАВУВА НОВ ДОМ НА СИТЕ АЕРОДРОМЦИ.



РЕГИОНАЛЕН ПАТ ДРАЧЕВО - ЈУРУМЛЕРИ НИЗ ДОЛНО ЛИСИЧЕ



УЛИЦА „ИЛИЈА ДИМОВСКИ“ - ЛИСИЧЕ



ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ПРЕД УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ



Целосна обнова на јавното осветлување во населба Лисиче (265 столба, 330 нови светилки)
Целосно осветлување на трговскиот центар во населба Лисиче со нови 108 лед-рефлектори



НОВА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА



# АСФАЛТИРАНА УЛИЦА „20“ ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Општина Аеродром изврши комплетна реконструкција и обнова на улица „20“ во Долно Лисиче. Обновата на оваа улица опфати површина од околу 4 200 м2 со тротоари од бехатон.

Претходно, жителите од овој дел на општината добија реконструиран пат Јурумлери – Драчево, реконструирана „улица 4“, како и санирани повеќе улици.





ИЗГРАДЕНА Е НОВА УЛИЦА „НОВОПРОЕКТИРАНА 3“
КАЈ ВИСОКОКАТНИЦИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ




НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЦА ВО АЕРОДРОМ



УЛИЦА „ТОДОР ЧАНГОВ“



УЛИЦА „4“







РЕКОНСТРУИРАН БУЛЕВАРОТ „ФЕВРУАРСКИ ПОХОД“ ВО СОРАБОТКА СО ГРАД СКОПЈЕ



РЕКОНСТРУИРАН БУЛЕВАРОТ „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ-БАТО“



ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНО ПАРКИРАЛИШТЕТО ШТО СЕ ПРОТЕГА ПО ДОЛЖИНАТА НА БУЛЕВАРОТ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“, ПОЧНУВАЈЌИ ОД ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“, ПА СÈ ДО РАСКРСНИЦАТА СО БУЛЕВАРОТ „СРБИЈА“ НА 36 ИЛЈАДИ КВАДРАТНИ МЕТРИ



НОВ ПАРКИНГ КАЈ ГРАДИНКАТА „БУБА МАРА“ ВО НОВО ЛИСИЧЕ



ОБНОВУВАЊЕ НА ПАРКИНЗИТЕ, СЕРВИСНИТЕ УЛИЦИ И ТРОТОАРИТЕ ПОКРАЈ УЛИЦАТА „КОСТА НОВАКОВИЌ“ ВО СТАР АЕРОДРОМ НА ПОВРШИНА ОД 4,5 ИЛЈАДИ КВАДРАТНИ МЕТРИ

# УРБАНА ОПРЕМА



ЈА ОБНОВУВАМЕ УРБАНАТА ОПРЕМА (КЛУПИ, КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ И ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА)



ОПШТИНА АЕРОДРОМ ПОСТАВИ ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА И ОГРАДИ НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ КАДЕ ШТО РЕДОВНО ИМА ПОГОЛЕМА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ПЕШАЦИ И ВОЗИЛА





НОВИ ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА

НА 30 ЛОКАЦИИ НИЗ ОПШТИНАТА

# ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА



# ГУМЕНА ПОДЛОГА ЗА БЕЗБЕДНА ДЕТСКА ИГРА



Детското игралиште зад ТЦ „Бисер“ го обложивме со лиена гумена подлога, која за првпат е поставена во нашата држава. Подлогата ги задоволува сите современи светски стандарди за безбедна игра на дечињата. Се состои од два слоја, долниот е амортизирачки, кој одозгора е прекриен со втор слој во смирувачки бои за пријатно чувство на нашите најмили. Игралиштето е со површина од 100 м2.

Се грижиме за најмладите!



ИЗГРАДИВМЕ НОВО КАТЧЕ ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЗАД ТЦ „ТРИ БИСЕРИ“



УШТЕ ЕДНО КАТЧЕ ЈА НАДОПОЛНИ ДЕТСКАТА ПРИКАЗНА ВО АЕРОДРОМ!
НАЈМЛАДИТЕ ДОБИЈА НОВО УРЕДЕНО ИГРАЛИШТЕ СПРОТИ ТЦ „СКОПЈАНКА“
ВО НАСЕЛБАТА МИЧУРИН



ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО МИЧУРИН



УШТЕ ЕДНО НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО АЕРОДРОМ ВО НОВО ЛИСИЧЕ ВО БЛИЗИНА НА ДЕТСКАТА УЛИЦА „ТОШЕ ПРОЕСКИ“ СО СОВРЕМЕНИ И РЕКВИЗИТИ ШТО ЈА РАЗВИВААТ ДЕТСКАТА ФАНТАЗИЈА



# НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ВО ПАРКОТ „НИРНБЕРГ“

Поставивме нови реквизити во детското катче во паркот „Нирнберг“ во Ново Лисиче. На истата локација поставивме и подлога изработена според сите светски стандарди за безбедна игра на дечињата.

Со љубов за најмладите!










# НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛИЦА „МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО“

За најмладите изградивме уште едно катче на улица „Методија Шаторов-Шарло“ во населбата Стар Аеродром.

Детското игралиште е опремено со нови реквизити што гарантираат безбедна игра.



**ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ИНВЕСТИРАМЕ ВО ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЗА БЕЗГРИЖНА И БЕЗБЕДНА ИГРА - НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ПОКРАЈ УЛИЦАТА „ПАНДИЛ ШИШКОВ“**



ИЗГРАДЕНО НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ „СРБИЈА“ ВО БЛИЗИНА НА „ЛУКОИЛ“



ПОСТАВИВМЕ НОВИ РЕКВИЗИТИ ВО ДЕТСКОТО КАТЧЕ ВО ПАРКОТ НА БУЛЕВАРОТ „СРБИЈА“. ПОСТАВИВМЕ И ПОДЛОГА ИЗРАБОТЕНА СПОРЕД СИТЕ СВЕТСКИ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНА ИГРА НА ДЕЧИЊАТА. ДЕЦАТА ОБОЖАВААТ ДА ОДАТ ПО РАБОВИ ИЛИ ДА СЕ КАЧУВААТ НА ВИСИНА. ОВА СЕ АКТИВНОСТИ ШТО ЈА СТИМУЛИРААТ ДЕТСКАТА ИМАГИНАЦИЈА И КРЕАТИВНОСТ, КАКО И НИВНИОТ ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ТРЧАЊЕ, ПРЕСКОКНУВАЊЕ, КАЧУВАЊЕ...



СЕ РЕКОНСТРУИРАА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ



НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПАРКОТ „9 МАЈ“

# ОБРАЗОВАНИЕ



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“





ВО ООУ „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“
СО ПОМОШ НА АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ИЗГРАДИВМЕ ЛИФТ ЗА ЛИЦА СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ, А ПРОЕКТИРАВМЕ ЛИФТОВИ ЗА УШТЕ ДВЕ УЧИЛИШТА.





ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ДОБИ НОВ ПОКРИВ



ЧЕТИРИ НОВИ УЧИЛНИЦИ ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ВО НОВО ЛИСИЧЕ

ЗАМЕНЕТИ ПРОЗОРЦИТЕ И ВЛЕЗНАТА ВРАТА ВО УЧИЛИШТЕТО „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“, СО ШТО СЕ ЗГОЛЕМУВА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО УЧИЛНИЦИТЕ И КАБИНЕТИТЕ





## РЕНОВИРАНИ ЦЕЛОСНО НЕУПОТРЕБЛИВИ УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“




## СМЕНЕТИ ПОДОВИТЕ ВО ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТА

- РЕНОВИРАНИ ЦЕЛОСНО НЕУПОТРЕБЛИВИ УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“
- КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАНИ ТОАЛЕТИТЕ И ХОДНИКОТ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, А ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ ПОЧНА ДА СЕ ГРЕЕ НА ПЕЛЕТИ, ЗАМЕНУВАЈЌИ ГО ДОСЕГАШНИОТ СИСТЕМ НА НАФТА
- СМЕНЕТИ ПОДОВИТЕ ВО ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
- ГИ ОСИГУРУВАМЕ ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА
- ОБЕЗБЕДУВАМЕ ТОПОЛ ОБРОК ЗА УЧЕНИЦИТЕ

# ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА


ОБЕЗБЕДУВАМЕ СТРУЧНА ПОМОШ ЗА
ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ


ГИ ЗГОЛЕМИВМЕ СУБВЕНЦИИТЕ
ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ
ОД 5 000 НА 8 000 ДЕНАРИ





# НОВА ГРАДИНКА „БУБА МАРА“

- 8 ЗАНИМАЛНИ
- ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1.500 КВАДРАТНИ МЕТРИ
- КАПАЦИТЕТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ 200 ДЕЦА



СЕ ГРАДИ НОВ ОБЈЕКТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЦРВЕНКАПА“ ВО СТАР АЕРОДРОМ СО КАПАЦИТЕТ ЗА 200 ДЕЦА



## ИМ ПОМАГАМЕ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ





РЕДОВНИ КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ





# ГИ РЕНОВИРАВМЕ ГРАДИНКИТЕ „БУБА МАРА“ И „СРНИЧКА“





# СПОРТ




НАТПРЕВАР ВО МАЛ ФУДБАЛ



СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ „ШАРЛО“



## НАГРАДИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИТЕ СПОРТИСТИ





ГО ПОДДРЖАВМЕ ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ СО ФИНАНСИИ И ЛОГИСТИКА



ОПШТИНА АЕРОДРОМ НАБАВИ КОМПЛЕТНО НОВА СПОРТСКА ОПРЕМА И СПОРТСКА ОБЛЕКА ЗА СИТЕ ОСУМ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА НЕЈЗИНА ТЕРИТОРИЈА. ОПРЕМАТА СЕ СОСТОИ ОД ТОПКИ ЗА ФУДБАЛ, КОШАРКА, РАКОМЕТ И ОДБОЈКА, МРЕЖИ И ГОЛОВИ ЗА РАКОМЕТ, ГРЕДИ, ОТСКОЧНИ ШТИЦИ, ДУШЕЦИ, ЈАРЦИ ЗА ГИМНАСТИЧКИ ВЕЖБИ, МАСИ ЗА ПИНГ-ПОНГ И МНОГУ ДРУГИ СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ НАМЕНЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО УЧИЛИШТАТА. ИСТО ТАКА, ЗА УЧЕНИЦИТЕ Е НАБАВЕНА И СПОРТСКА ОБЛЕКА, ДРЕСОВИ И ШОРЦЕВИ, ВО ОСУМ РАЗЛИЧНИ БОИ, КОЛКУ ШТО ИМА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА.





РЕКОНСТРУИРАНО СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



СПОРТСКИ ЦЕНТАР „НОВО ЛИСИЧЕ“



# НОВИ ПОДОВИ НА СПОРСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО АЕРОДРОМ

ОПШТИНА АЕРОДРОМ ПОСТАВИ НОВИ МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ ПОДОВИ НА СПОРТСКИТЕ ИГРАЛИШТА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ, И ТОА:

- СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБАТА ОСТРОВО
- ПАРКОТ КАЈ МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ
- ЗАД ТЦ „БИСЕР“
- НА БУЛ. „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ – БАТО“ ЗАД КАМ
- КАЈ СИНИТЕ КУЛИ ВО НОВО ЛИСИЧЕ
- ВО ДВОРОТ НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
- ВО НАСЕЛБАТА ЈАНЕ САНДАНСКИ
- ВО БЛИЗИНА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЛАЛЕ“

ПОДЛОГИТЕ СЕ СО ВРВЕН КВАЛИТЕТ И СЕ СЕРТИФИЦИРАНИ СПОРЕД СТАНДАРДИТЕ НА ФИБА И ИТФ.

ОБЕЗБЕДУВАМЕ БЕЗБЕДЕН СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА СИТЕ!










СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ ВО НЕПОСРЕДНА БЛИЗИНА НА КУЛИТЕ ЦЕВАХИР






# МАРИН: НАШ ГЛАВЕН ПРИОРИТЕТ Е ЈАКНЕЊЕ НА СПОРТСКИОТ ДУХ ВО АЕРОДРОМ





ОТВОРЕНО ОДБОЈКАРСКО ИГРАЛИШТЕ НА ПЕСОК ВО АЕРОДРОМ

ОПШТИНА АЕРОДРОМ БЕСПЛАТНО ИЗНАЈМУВА ВЕЛОСИПЕДИ




ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКАТА ГОЛФ-ФЕДЕРАЦИЈА, НАУМ ЈАНАКИЕВ, СО ШТО СЕ ОТВОРИ ПАТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ГОЛФ-ТЕРЕН ВО АЕРОДРОМ



МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ ПО ОСМИ ПАТ ШАМПИОН НА МАКЕДОНИЈА.

ДОМИНАЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА! ЧЕСТИТКИ АЕРОДРОМЦИ!

ОБЕЗБЕДУВАМЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА:

- КК МЗТ
- КК МЗТ ВТОР ТИМ
- ЖКК МЗТ
- РАКОМЕТЕН КЛУБ АЕРОДРОМ
- ЖЕНСКИ РАКОМЕТЕН КЛУБ ВАРДАР
- ФУДБАЛСКИ КЛУБ АЕРОДРОМ
- КИК-БОКС КЛУБ ГЛАДИЈАТОР
- ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШТЕН СПОРТ



ГО ПРОМОВИРАВМЕ ПРОЕКТОТ „ИНТЕГРИРАНО ПЛИВАЊЕ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ОД АЕРОДРОМ“ ШТО СЕ ОДРЖА ВО СПА-ЦЕНТАРОТ ВО КУЛИТЕ ЏЕВАХИР



# СОРАБОТКА



Општина Аеродром развива меѓуопштинска соработка и ја промовира својата одлучност да прерасне во лидер во регионот со:

- Елези Хан (Косово) - реализација на ЕУ-проектот за меѓугранична соработка;
- Шенгин (Албанија) - размена на културни вредности;
- Подгорица (Црна Гора) - промоција на едукативни проекти;
- Мостар, Сараево (БиХ)
- Чаетина - Златибор (Србија) – можности за разработка на европски проекти за туризам и рурален развој;
- Ниш - Палилула (Србија) - збратимени градови со мултифункционални заемни активности и неограничени можности за идна сестрана соработка;







Отворен центар за кариерен развој во населбата Лисиче што ќе го користат 14 невладини организации за реализација на проекти за подобрување на социјалниот, економскиот, културниот и спортскиот живот на жителите на Општина Аеродром



ОПШТИНИТЕ АЕРОДРОМ И ПАЛИЛУЛА ОД НИШ СЕ ЗБРАТИМИЈА И ОТВОРИЈА НОВИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКИОТ ПАТ






Општина Аеродром изготви четиригодишна стратегиска платформа за локален економски развој 2021-2025 под мотото „Аеродром - прва општина со европско знаменце“. Со ова Општината се надоврзува на стратегиската рамка на Владата „Акција 21 – за европски стандарди дома“ и со сите регионални движења во рамките на Европската Унија.

Финансиска поддршка на Здружението на пензионери „Солидарност – Аеродром“

# ЗАБАВА И КУЛТУРА



НОВОГОДИШНО УКРАСУВАЊЕ




ДОДЕЛУВАЊЕ СПОНЗОРСТВО НА НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА – СКОПЈЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕДМИ МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“ КОЈШТО СЕ РЕАЛИЗИРА НА ОТВОРЕНА СЦЕНА ПОСТАВЕНА НА ЗАГРАДЕНОТО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ПОКРАЈ ГРАДИНКАТА „СОНЦЕ“ ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР СО БЕСПЛАТНИ ПРЕТСТАВИ ЗА ГРАЃАНИТЕ



СПОНЗОРСТВО НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ИЛИНДЕНСКИ МАРШ - КОЊИЧКИ МАРШ КОН КРУШЕВО ПО 42. ПАТ ПО ПОВОД МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК ИЛИНДЕН ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ОД ГОРНО ЛИСИЧЕ „ИЛИНДЕНСКИ МАРШ 1978“, НА КОЈ УЧЕСТВУВААТ КОЊАНИЦИ НА РАЗЛИЧНА ВОЗРАСТ



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ГОДИШНИНА ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ЈАНЕ САНДАНСКИ СО ПОЛОЖУВАЊЕ ЦВЕЌЕ НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕТО „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ ВО ИСТОИМЕНИОТ ПАРК



РУФ ТОП ЗАБАВА СО ПРЕНОС ВО ЖИВО ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА



ЗАБАВА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ПО ПОВОД ОПШТИНСКИОТ РОДЕНДЕН



КОНЦЕРТ НА „ПРЉАВО КАЗАЛИШТЕ“



„БЕК ТУ СКУЛ ВИК“ ЗА ПОЧЕТОК НА ШКОЛСКАТА ГОДИНА СО НАСТАП НА СВЕТСКИ ПОЗНАТИОТ ДИЏЕЈ ПОЛ ВАН ДАЈК

